ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Генералниот секретаријат и Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија се институции специјализирани за обезбедување логистичка - стручна поддршка на Владата во целина, на Претседателот на Владата, замениците на Претседателот на Владата, министрите (членовите на Владата) со препознатливи принципи во работењето: професионалност, квалитет, независност и коректност.

Од визијата на раководството произлезе обврската за постојано унапредување на Системот за управување со животната средина воспоставен според барањата на стандардот

**ISO 14001:2015**

да развиваме институција способна да испорачува услуги кои ги задоволуваат потребите на корисниците и заинтересираните страни и ги исполнува применливите законски и други барања во врска со животната средина.

Вработените во Генералниот секретаријат и Канцеларијата на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, работат на остварување на следните цели:

· Примена на позитивна законска регулатива од областа на животната средина и надобри достапни технологии и пракси, како и усогласување со процедурите во рамките на Генералниот секретаријат;

· Извршување на активностите во согласност со применливите законски и други барања за животна средина и посветеност за исполнување на обврската за усогласеност;

· Идентификување на аспектите на животната средина, од делокругот на работењето ан Генрeланиот секретаријат и нивно управување согласно Системот за управување со животна средина;

· Обука и поттикнување на вработените да делуваат превентивно и постојано да ја подобруваат заштитата на животната средина;

· Штедење ресурси и енергија, намалување на употребата на штетни материи и количината на отпад, континуирано унапредување на активностите за зашттит ана животната средина;

· Континуирано унапредување на активностите за заштита на животната средина, земајќи ги предвид мислењата и сугестиите на заинтересираните страни и превземање соодветни мерки за унапредување на заштитата на животната средина и

· Информирање на корисниците и заинтересираните страни за определбата на Генералниот секретаријат за воведување на Системт за управување со животна средина.

Скопје,
12 септември 2025 година

Игор Јанушев
Генерален секретар